Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, со дополнување, Уп1 бр.02-82 двете од 27.02.2023 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-1188/3 од 21.03.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на11-та седница одржана на 21.03.2023 г. ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, и тоа:

- за истапување на правното лице Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар, со ЕМБС 6352081 и адреса на ул. „18 Ноември" бб, Гостивар, со учество од 100% во основната главнина и
- за пристапување на физичките лица, Пајтим Саити, со ЕМБГ 2208974473019 и адреса на ул. „Гаве Лазарески" бр.18 Гостивар, со учество од 50% во основната главнина и Астрит Садику, со ЕМБГ 2208986473065 и адреса во с. Чегране, ул. „300" бб, Гостивар, со учество од 50% во основната главнина.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија" бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-82 од 27.02.2023 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар.

При увид во доставената документација беше констатирано дека истата не е уредна, во смисла на тоа што во образецот на Известувањето, во делот „Тековна состојба на сопственичката структура на радиодифузерот", податоците за износот на учеството на актуелниот сопственик во основната главнина на радиодифузерот се разликуваа од податоците во тековната состојба што беше доставена во прилог. Дополнително, во делот „Планирана промена на сопственичката структура" беше наведено дека од сопственоста истапува радиодифузерот, а не неговиот сопственик. За наведеното радиодифузерот беше известен при што беше побарано од него да го доуреди предметното Известување.

Во врска со тоа, од страна на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, беше доставено уредно известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-82 од 27.02.2023 г.), за кое се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

За да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 и 38 од ЗАВМУ, Агенцијата обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба", бр.0820-50/150020230056262 од 03.03.2023 г. од интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, од која е видно дека Физичкото лице Пајтим Саити се јавува како овластено лице во: Центар за ПЕРМАКУЛТУРА И МИРОГРАДБА Гостивар, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место. Овој субјект се јавува како основач на правното лице Земјоделска задруга АГРО БИЗНИС О.О с. Неготино, Врапчиште, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 46.21 – Трговија на големо со жита, суров тутун, семе и добиточна храна (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва); и Земјоделска задруга АГРО БИЗНИС О.О с. Неготино, Врапчиште. Физичкото лице Астрит Садику не се јавува како основач на трговски друштва.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ и обезбеди Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик за Пајтим Саити бр.2007-50/150020230056287 и Тековна состојба за физичко лице – вистински сопственик за Астрит Садику бр.2007-50/150020230056297, двете од 03.03.2023 г., со кои се потврдија горенаведените податоци.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар не се создава недозволена медиумска концентрација, во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура, со дополнување Уп1 бр.02-82 двете од 27.02.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-82

22-03- **2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар;
- Управителот на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар;
- Сектор за стратешко планирање и заштита на авторските права;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.